*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*

Бул. Гоце Делчев бр.18, 1000 Скопје, Тел.. 5119860 Факс. 5119861
www.mrt.com.mk

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА ЗА 2025 ГОДИНА СО ПРЕНАМЕНА НА СРЕДСТВА

## ВОВЕД

ЈРП Македонска радио телевизија е јавен радиодифузен сервис кој врши дејност од јавен интерес во областа на радиодифузијата во Република Северна Македонија која опфаќа производство и обезбедување на радио и телевизиски програми и исполнување на програмските обврски, стандарди и начела предвидени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. На територијата на РСМ, Македонската радио телевизија обезбедува програма преку пет ТВ програмски сервиси и тоа: еден ТВ програмски сервис на македонски јазик со дневно времетраење од 24 часа, еден ТВ програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на кој се емитува програма на албански јазик со дневно времетраење од 24 часа секој ден во неделата, како и на три нови телевизиски програмски сервиси - МТВ 3 – ТВ канал кој емитува забавно - музичка, културна, но пред се програма од областа на спортот наменета за гледачите љубители на спортот, преку откуп на ТВ права за емитување на сите позначајни спортски настани во земјата и светот карактеристични за тековната година, потоа МТВ 4 – ТВ канал кој емитува документарна програма и програма на етничките заедници во РСМ како и детски ТВ канал – Канал 5 кој акцентот на своето работење го става на најмладата популација и кој произведува, обработува и емитува едукативна, документарна, забавна програма и програма со содржина од други најразлични области наменета за деца и млади, сите со дневно времетраење на програмата од 24 часа секој ден во неделата.

Исто така, програмата на јавниот радиодифузен сервис се емитува и преку два редовни радио програмски сервиси на македонски јазик и еден радио програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници со 24 часовно емитување секој ден во неделата, а во идниот период се планира и започнување со работа на нов радио програмски сервис МРА 4 – на кој ќе се емитува радио програма на етничките заедници во РСМ.

МРТ обезбедува и посебни радио програми наменети за соседните земји и Европа на странски јазици и посебни радио програми наменети за информирање на иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во соседните земји, во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

МРТ обезбедува и најмалку еден радио програмски сервис и еден ТВ програмски сервис преку сателит и /или интернет наменет за иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

МРТ го обезбедува и програмскиот сервис на Собранискиот канал утврден со Законот за Собрание на РСМ.

Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ЈРП МРТ има обврска да изработи Годишна програма за работа за наредна година која содржи Програма за работа со планирани активности за исполнување на програмските цели како и Финансиски план кој содржи податоци за планираните приходи и расходи и истата да ја достави до Собранието на РСМ на разгледување и усвојување. Но кога станува збор за утврдување на планираните приходи, како дел од Финансискиот план, треба да се укаже на фактот дека по укинување на радиодифузната такса во 2017 година, финансирањето на редовното работење на ЈРП МРТ е регулирано со Законот за ААВМУ и тоа преку финансирање на радиодифузната дејност со средства кои се обезбедуваат од Буџетот на Државата. Меѓутоа, во изминатиот период (2017-2023г) искуството укажува на фактот дека од страна на државните институции законските одредби не беа испочитувани и наместо средствата утврдени со Закон, МРТ и останатите две институции беа финансирани со далеку пониски износи. Со истата состојба МРТ се соочува и во тековната 2025 година кога од страна на Државата повторно се намалени средствата за финансирање на радиодифузна дејност, овој пат за 80.000.000 денари, што всушност е и основна причина за изменување на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2025 година со пренамена на средства.

## А. ПЛАН НА ПРИХОДИ

За реализирање на планираните програмски и останати активности во 2025 година со Финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија се планира да се обезбедат приходи по следните основи:

**Приход од Буџетот на Република Северна Македонија**

Средствата наменети за финансиска поддршка на редовното работење кои ЈРП МРТ ги добива од Буџетот на РСМ, како средства за финансирање на радиодифузна дејност, беа планирани во износ од 1.261.864.000 денари и тоа согласно последните измени во член 105 став 1 и 2 од Законот за ААВМУ (Службен весник на РСМ бр.254/23) каде е наведено дека за финансирање на радиодифузната дејност од Буџетот на РСМ ќе се издвојат средства во износ од 1% од реализираните даночни приходи заклучно со последната усвоена Завршна сметка на РСМ, која во овој случај се однесува на 2023 година. Меѓутоа со Ребаланс на Буџетот на РСМ за 2025 година овие средства се намалени за 80.000.000 денари и сега се планираат во износ од 1.181.864.000 денари.

**Приходи од продажба на рекламен простор**

Очекуваните приходи од продажба на рекламно време (маркетинг) односно од емитување на аудио и аудио визуелни комерцијални комуникации емитувани во рамки на програмски содржини обезбедени врз основа на склучени посебни договори со обезбедувачи на аудио или аудиовизуелни дела со заштитени авторски права, во согласност со условите од договорот, се планирани во висина од 65.000.000 денари или 4.9% од вкупните планирани приходи за 2025 година. Овие средства се реализираат од продажба на рекламен простор во рамки на емитување на нови програмски содржини во делот на копродукции, останати програмски права, спортска, филмска, документарна и друга програма која МРТ во тековната 2025 година ја направи достапна за своите гледачи преку сопствена продукција, копродукција и преку откуп на правата за емитување на програма од надворешни продуцентски куќи.

**Приходи од закупнини**

Приходот по основ на давање под наем на деловен простор и опрема на надворешни соработници е планиран во износ од 500.000 денари.

**Приходи од услуги во земјата**

По основ на дадени технички услуги на надворешни корисници (снимање во студијата на МРТ, обезбедување на коментаторски позиции и ISDN линии за пренос на програма, преснимување и користење на снимен архивски материјал, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите државни и останати институции во кулата како и други услуги во земјата) за 2025 година планирани се приходи во вкупен износ од 5.500.000 денари и истите во вкупно планираните приходи учествуваат со 0,4%.

**Приходи од услуги во странство**

Приходите за извршени услуги во странство (технички услуги, отстапени права, коментаторски позиции, ISDN линии и останати услуги) се планирани во износ од 4.000.000 денари и во вкупно планираните приходи истите учествуваат со 0,3%.

**Останати деловни приходи**

Останатите деловни приходи се планира да се реализираат по основ на:

- приходи од камати
- приходи по основ на позитивни курсни разлики
- приходи од наплатени отпишани побарувања од минати години
- приходи од отпишани обврски
- останати дополнителни приходи од претходни години и слично

Овие приходи во 2025 година се планираат во износ од 39.000.000 денари и нивното учество во вкупно планираните приходи изнесува 2,9%.

**Приходи од наплата по основ на судски одлуки**

Приходите кои со Финансискиот план се планираат по основ на решавање на настанатите судски спорови во корист на МРТ изнесуваат вкупно 1.000.000 денари.

**Приходи од донации, приходи од продажба на програма и реемтување во земјата и странство**

Приходите по основ на разни видови донации како и приходите од продажба на програма и реемитување во земјата и странство се планирани во износ од 35.000.000 денари и истите учествуваат со 2,6% во вкупниот планиран приход во МРТ за 2025 година.

**Вкупните** планирани приходи за 2025 година во износ од 1.331.864.000 денари по сите основи наменети се за реализација на планираните програмски, инвестициони и други активности во тековната година, не отстапувајќи при тоа од законските обврски на Македонската радио телевизија како јавен сервис на граѓаните во државата, како и за сервисирање на пренесените, неплатени обврски од претходни години.

Планираните активности во тековната 2025 година воглавно опфаќаат:

- Исполнување на редовните активности во МРТ, односно создавање (производство) и емитување на сопствена радио и телевизиска програма на радио и на телевизиските програмски сервиси и емитување на истата на македонски, албански, турски, српски, ромски, влашки и бошњачки јазик,
- Откуп на права за емитување на играна програма и ТВ серии, набавка на домашна и странска документарна програма, драмска програма, реализација на музички емисии, детска програма од најразлични жанрови, откуп на готови програмски содржини од најразлични области или пак заедничка продукција и копродукција на разни видови емисии и серијали,
- Откуп на права за директен пренос и снимки од значајни спортски настани и манифестации, светски или европски првенства во фудбал, ракомет, зимски, летни спортови и слично,
- Реализирање на програмските содржини на посебните радиопрограми наменети за соседните земји и Европа и радио програми наменети за информирање на иселениците во странство како и обезбедување на програмските сервиси преку сателит и/или интернет,
- Инвестиции во нова опрема и основни средства, тековно одржување на постојната опрема и одржување на РТВ студијата и другите деловни објекти на МРТ и слично.

## *МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*

Планираните приходи на ЈРП МРТ за 2025 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА 2025 ГОДИНА**

| ПРИХОДИ | Планирани приходи за 2024г. | Планирани приходи за 2025г. | Остварени приходи 2025г. (м.11.2025) | Планирани приходи за 2025г. Со пренамена на средства | Индекс 5/3*100 | Индекс 5/4*100 | Структура 2025г. (кол.5) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| Приход од Буџет на РСМ-средства за финансирање на радиодифузна дејност | 1,141,336,000 | 1,261,864,000 | 1,156,708,674 | 1,181,864,000 | 93.7 | 102.2 | 88.7 |
| Приходи од Буџет на РСМ за програмски и техничко - технолошки развој на ЈРП МРТ | 97,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Приходи по основ на финансирање на радиодифузна дејност - Вонсудска спогодба со Министерство за дигитална трансформација | 80,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Закупнини | 500,000 | 500,000 | 224,351 | 500,000 | 100.0 | 222.9 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 3,000,000 | 5,500,000 | 1,761,344 | 5,500,000 | 100.0 | 312.3 | 0.4 |
| Приходи од услуги во странство (технички услуги, коментаторски позиции, ISDN линии, отстапени права и сл.) | 2,000,000 | 4,000,000 | 594,503 | 4,000,000 | 100.0 | 672.8 | 0.3 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,наплатени отпишани побарувања,отпишани обврски, приходи од минати години) | 20,000,000 | 39,000,000 | 9,614,367 | 39,000,000 | 100.0 | 405.6 | 2.9 |
| Приходи од наплата по основ на судски одлуки | 1,000,000 | 1,000,000 | 168,613 | 1,000,000 | 100.0 | 593.1 | 0.1 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 65,000,000 | 65,000,000 | 15,591,243 | 65,000,000 | 100.0 | 416.9 | 4.9 |
| Приход од продажба на програма и реемтување во земјата и странство, приходи од донации | 15,000,000 | 35,000,000 | 0 | 35,000,000 | 100.0 | 0.0 | 2.6 |
| **СЕ ВКУПНО :** | **1,424,836,000** | **1,411,864,000** | **1,184,663,095** | **1,331,864,000** | **94.3** | **112.4** | **100.0** |

**Б. ПЛАН НА РАСХОДИ**

Како што и погоре беше кажано, со Ребалансот на Буџетот на РСМ за 2025 година и намалување на средствата за финансирање на радиодифузна дејност, се јави потреба од изменување на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2025 година, како во делот на планирани приходи така и во делот на планирани расходи. Имено, за споменатиот износ од 80.000.000 денари планирани со Финансискиот план на МРТ за 2025 година кои се намалуваат во делот на приходи потребно и исто така да се изврши корекција и на планираните износи во делот на расходи по што, вкупните планирани расходи на ЈРП Македонска радио телевизија за 2025 година за реализирање на редовните и инвестиционите активности во врска со создавање и емитување на програмата се планираат во ист вкупен обем како и вкупните планирани приходи, односно во износ од 1.331.864.000 денари.

**Планот на расходи за 2025 година ги опфаќа следните планирани групи на трошоци:**

## Трошоци на вработените

Групата трошоци на вработените во 2025 година првично беше планирана вкупен износ од 659.650.000 денари, но со изменувањето на Финансискиот план оваа група е намалена за 550.000 денари и сега е планирана во вкупен износ од 659.100.000 денари. Во оваа група на трошоци се опфатени бруто платите на вработените, надоместоците за исплата на отпремнина на вработените кои ги исполнуваат условите за одење во пензија, други лични примања (останати надоместоци – помош исплатена на вработените во случај на смрт на вработен или на член на потесно семејство, помош при боледување подолго од 6 месеци, паричен надомест за последици од елементарни непогоди и други видови парични надоместоци), потоа трошоците за здравствени услуги, пресметан регрес за годишен одмор, јубилејни награди, трошоци за едукација на вработените (обуки, посета на семинари, советувања) и слично. Бруто платата за 2025 година е усогласена со минималната плата во државата и е пресметана согласно позитивните законски прописи кои се на важност во РСМ, согласно последните измени во Законот за работни односи, Законот за административните службеници, Законот за вработени во јавниот сектор и врз

основа на Колективниот договор на ЈРП МРТ со кој се уредуваат сите права, обврски и одговорности на вработените на МРТ кои произлегуваат од работниот однос.

## Патни трошоци и транспортни услуги

Оваа категорија ги опфаќа трошоците за службени патувања во земјата и странство - дневници, ноќевања и превоз, како и трошоците за користење на сопствено возило, трошоците за патарина, услугите за такси превоз и слично, за кои се планираше сума во вкупен износ од 9.200.000 денари. Меѓутоа, во рамки на тековното работење на МРТ, со цел следење и пренос на зголемениот обем на поважни културни, научни, музички и други настани и особено настани од областа на домашниот спорт и спортски натпревари во насока на исполнување на својата основна дејност како јавен сервис – производство и емитување на најразновидни програмски содржини од земјата и странство а кои се од јавен карактер, беше потребно оваа група на трошоци да се дополни со средства во износ од 2.550.000 денари по што планираниот износ сега е вкупно 11.750.000 денари.

## Заеднички трошоци

Со изменувањето на Финансискиот план на МРТ за 2025 година со пренамена на средства, вкупниот планирани износ од 170.210.000 денари кај Групата на заеднички трошоци е намален за 12.970.000 и истата сега се планира во вкупен износ од 157.240.000 денари. Оваа група ги опфаќа следните видови трошоци:

***Трошоци за суровини и материјали***

Во оваа група на трошоци се опфатени трошоците за набавка на електричен и технички материјал, материјал (резервни делови) за поправка и одржување на опремата и објектите во МРТ како и материјали за кулиси и декор, реквизита, шминка и фризура потребни за снимање/производство на разни видови програмски материјали а истата има вкупен планиран износ од 3.750.000 денари.

***Трошоци за останати материјали***

Вкупниот планиран износ во оваа група на трошоци е 1.500.000 денари и во неа спаѓаат трошоците за канцелариски материјал, материјал за возен парк, заштитна облека и обувки и ХТЗ опрема.

***Трошоци за енергија***

Оваа група ги опфаќа тековните трошоци за електрична енергија, топлотна енергија и гориво а планираниот износ за 2025 година за овие видови на енергија изнесува вкупно 47.500.000 денари.

***Трошоци за ситен инвентар и автогуми***

Оваа група на трошоци се планира на износ од 1.500.000 денари. Согласно законските измени, односно според Уредбата за номенклатура на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства, донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија (сл.весник 277/19), оваа група ги опфаќа набавките на материјални и нематеријални средства со поединечен трошок за набавка до 500 евра во денарска противвредност според кои наместо во основни средства сметководствено треба да се евидентираат во ситен инвентар.

***Поштенски и телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии***

Група на трошоци која првично беше планирана во вкупен износ од 6.900.000 денари но, со ова изменување на Финансискиот план а согласно потребите кои се јавија во рамки на тековното работење, истата се дополнува со 780.000 денари и сега има вкупен планиран износ од 7.680.000 денари. Истата се однесува на трошоци за телефонски - директни линии, мобилни линии, интернет и поштарина како и трошоци за аудио и видео линии кои се неопходни за пренос на програмата, особено при емитување на настани од областа на спортот.

***Услуги за одржување и заштита***

Оваа група ги опфаќа трошоците за агенциски услуги за физичко обезбедување на имот, услуги за инвестиционо и тековно одржување на основните средства и градежните објекти, одржување на GPS уреди, услуги за одржување на WEB страната на МРТ, агенциски услуги за одржување на хигиена и слично а истата, има вкупен планиран износ од 21.750.000 денари.

***Комунални услуги***

Оваа група на трошоци ги опфаќа трошоците за вода, трошоците за ѓубретарина, дератизација, дезинфекција и дезинсекција во објектите на МРТ, трошоците за гаражирање и паркирање на возила и слично. Истата беше планирана во вкупен износ од 5.030.000 денари меѓутоа, зголеменото остварување кај ставката Трошоци за вода пројави потреба од дополнување во износ од 1.500.000 денари по што, оваа група на трошоци има вкупен планиран износ од 6.530.000 денари.

***Останати услуги од работењето***

Вкупниот планиран износ од 1.650.000 денари кај оваа група на трошоци се намалува за 100.000 денари и сега истата се планира во износ од 1.550.000 денари а во неа опфатени се трошоците за добиени услуги за регистрација на возила, објава на огласи и конкурси, трошоци за противпожарна заштита, шпедитерски услуги и слично.

***Трошоци за амортизација на основни средства***

Средствата за амортизација на опремата која до сега е набавена во рамки на редовните инвестициони активности како и амортизација на опремата која би се набавила и ставила во употреба во текот на 2025 година беа планирани во вкупен износ од 50.250.000. Меѓутоа, со оглед на фактот дека во изминатиот период значително е намален обемот на набавка на нова опрема, овие средства се намалени за 17.700.000 денари и сега се планираат во вкупен износ од 32.550.000 денари.

***Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис***

За вредносно усогласување на побарувањата од купувачите, ревалоризација на обврските и слично во 2025 година планирани се вкупно 200.000 денари.

***Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација***

По зголемувањето од 100.000 денари, за оваа категорија на трошоци со Финансискиот план за 2025 година се планираат вкупно 1.050.000 денари.

***Премии за осигурување***

Планираните средства за премии за осигурување на вкупниот движен и недвижен имот како и патнички осигурувања на вработените во МРТ во 2025 година изнесуваат 2.500.000 денари.

***Банкарски услуги и трошоци на платен промет***

Планираните средства за банкарските трансакции кои МРТ ќе ги извршува во 2025 година во земјата и странство заедно со таксата за истакнување на фирма беа планирани во вкупен износ од 600.000 денари. Меѓутоа, поради зголемениот обем на платежни трансакции во тековната 2025 година особено кон странство, оваа група на трошоци е дополнета со 50.000 денари и сега се планира во вкупен износ од 650.000 денари.

***Останати трошоци***

Во оваа  група спаѓаат трошоците за спроведување на ИСО стандарди, трошоците за користење на услуги за контрола на квалитет, атестирање, изработка на елаборати и технички проекти, како и трошоците за стручна литература и списанија а истата се планира во вкупен износ од 450.000 денари.

***Трошоци за надомест и други примања на членовите на Програмски совет и Надзорен одбор на МРТ***

Во согласност со Законот за ААВМУ каде што е утврдена висината на надоместоците за членовите на органите на управување во МРТ, оваа група на трошоци за 2025 година е планирана во вкупен износ од 10.000.000 денари.

***Даноци, судски трошоци и административни такси***

Трошоците за даноци, задржан данок, данок на приход за исплати во странство при откуп на програма како и трошоците поврзани со судските предмети кои се во постапка за 2025 година бележат зголемено остварување во рамки на тековното работење па од таа причина првично планираниот вкупен износ од 5.200.000 денари се дополнува со 2.000.000 денари и сега оваа група на трошоци има вкупен планиран износ од 7.200.000 денари.

***Казни, пенали, надомест на штети***

За овие видови на трошоци со Финансиски план за 2025 година планирани се вкупно 100.000 денари;

***Дополнително утврдени расходи од минати години***

Дополнително утврдените расходи од минати години се планирани во висина од 1.400.000 денари односно, поради пониското остварување на првично планираниот износ од 2.000.000 денари, кај оваа група на трошоци се врши намалување од 600.000 денари. Истата опфаќа трошоци за задоцнето фактурирање по разни основи кои биле планирани во претходните години од работење на МРТ но, во тој период за истите не се доставени фактури (расходи по фактури од минати години за извршени набавки и услуги во земјата и странство и слично).

***Камати од работење и затезни камати***

Каматите од редовното работење и затезните камати се планирани во висина од 5.500.000 денари.

***Негативни курсни разлики***

Трошоците по основ на негативни курсни разлики кои произлегуваат од девизниот платен промет кој во голем обем е застапен во тековното работење на МРТ, пред се, за откуп на странска филмска и спортска програма, како и за реализација на набавки на опрема, за 2025 година се планирани во вкупен износ од 3.000.000 денари односно, со ова изменување на Финансискиот план кај оваа група на трошоци извршено е дополнување од 1.000.000 денари.

***Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра***

Оваа група на трошоци ги опфаќа набавките на стоки и услуги надвор од планот за јавни набавки а кои во вкупен износ на месечно ниво не го надминуваат износот од 1.000 евра во денарска противвредност или вкупно 880.000 денари на годишно ниво.

## Програмски права

Оваа категорија се однесува на трошоци реализирани во врска со откуп на права за емитување на играна филмска, анимирана детска и документарна програма, останати програмски права – откуп на програма од најразлични жанрови и области (образовни емисии, забавни емисии, детска програма, квизови), надомест за учество на јуниорски Евросонг, откуп на права за емитување на актуелни и позначајни настани од светот на спортот како УЕФА Лига на нации во фудбал, зимски или летни спортови, натпревари

во ракомет, кошарка и слично, потоа откуп на програма од независни продуценти, трошоци за реализација на копродукциски проекти со најразновидна содржина за повозрасните како и продукција и копродукција на најразновидни емисии и серијали за најмладата популација. Како и секогаш, така и во тековната 2025 година, целта на МРТ одеше во насока на збогатување на понудата на програма која ќе се емитува на сите радио и ТВ Програмски сервиси, сепак намалувањето на средствата за финансирање на радиодифузна дејност од страна на државата доведе до потреба од намалување и на првично планираните 425.426.000 денари за 21.700.000 денари и сега вкупниот планиран износ на трошоци кај оваа група изнесува 403.726.000 денари.

## Останати трошоци од работење

Групата Останати трошоци од работење беше планирана во вкупен износ од 77.750.000 денари меѓутоа, со ова изменувањето на Финансискиот план на МРТ за 2025 година а согласно потребите во рамки на редовното работење оваа група на трошоци е дополнета со средства во износ од 5.170.000 денари по што сега има вкупен планиран износ од 82.920.000 денари. Во неа спаѓаат следните видови трошоци:

***Наемнини***

Планираниот износ за наем на опрема, недвижности и останати наеми за кои би произлегла потреба во текот на работењето на МРТ за 2025 година има вкупен планиран износ од 5.150.000 денари.

***Други трошоци од работење***

За оваа група на трошоци во 2025 година беа планирани 31.700.000 денари меѓутоа, согласно потребите во рамки на редовното работење истата е дополнета со 4.350.000 денари и сега вкупниот планиран износ е 36.050.000 денари кои се однесуваат на следните видови трошоци:

- Адвокатски и нотарски услуги, ревизија на финансиски извештаи, трошоци за извршување, услуги за вештачење, интелектуални услуги, технички услуги,
- Услуги за ангажирање надворешни лица преку авторска агенција во секторите во кои во текот на работењето ќе се јави недостиг од кадар потребен за извршување на редовните работни задачи, ставка која е дополнета со 5.000.000 денари од причина

што МРТ постојано се соочува со недостиг на нови вработувања и стручен кадар кој мора да се надополни со хонорарно ангажирање на надворешни лица,

- Трошоци за реализација на проектот Избор на песна – македонски претставник на Јуниорски евросонг 2025 година, како и трошоци планирани за Евросонг 2025 година кои би произлегле доколку МРТ го пренесува фестивалот дури и ако РСМ не учествува со свој претставник.

***Членарини, котизации, ЗАМП и останати услуги***

Оваа група на трошоци опфаќа годишни членарини на МРТ кон ЕБУ, ЕРНО; ЦИРКОМ, котизации, трошоци за акредитации, мало авторско право ЗАМП, трошоци кон Агенција за филм согласно Законот за филмска дејност и останати трошоци од работење. Со Финансискиот план за 2025 година оваа група беше планирана во вкупен износ од 40.800.000 денари но по дополнувањето од 900.000 денари истата има вкупен планиран износ од 41.700.000 денари.

***Материјали и услуги за дигитализација***

За набавка на дигитални технички материјали и услуги за емитување на ТВ програмата за 2025 година планирани се средства во вкупен износ од 20.000 денари.

## Инвестиции

За набавка на опрема и други инвестиции во текот на 2025 година беа планирани вкупно 69.628.000 денари. Но со оглед на фактот дека основниот извор на финансирање на МРТ е намален од страна на државата а во исто време споменатиот планиран износ во рамки на делот за инвестиции не е целосно реализиран, истиот се намалува за 52.500.000 денари и сега вкупниот планиран износ по овој основ изнесува 17.128.000 денари. Овие средства се наменети за набавка на нова ТВ опрема потребна за непречено одвивање на редовното работење – производство и емитување на програма како и за набавка и монтажа на уред за ладење (чилер) и надградба и поправка на постоечкиот систем за ладење.

## МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА

Планираните трошоци на ЈРП МРТ за 2025 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

### ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА ЈРП МРТ ЗА 2025 ГОДИНА

| РАСХОДИ | Финансиски план за 2024 год. | Финансиски план за 2025 | Остварени расходи (м.11.2025) | Финансиски план за 2025г. со пренамена на средства | Индекс (5/3*100) | Индекс (5/4*100) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | | |
| Бруто плати | 570,000,000 | 630,000,000 | 575,980,793 | 630,000,000 | 100.0 | 109.4 |
| Регрес за годишен одмор | 18,200,000 | 18,700,000 | 0 | 18,450,000 | 98.7 | 0.0 |
| Отпремнина за одење во пензија | 3,000,000 | 2,500,000 | 2,988,812 | 3,000,000 | 120.0 | 100.4 |
| Други лични примања (останати надоместоци за вработени) | 2,000,000 | 2,500,000 | 1,255,167 | 1,700,000 | 68.0 | 135.4 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 4,300,000 | 5,000,000 | 3,134,198 | 5,000,000 | 100.0 | 159.5 |
| Трошоци за здравствени услуги | 650,000 | 650,000 | 23,333 | 650,000 | 100.0 | 2,785.8 |
| Трошоци за едукација | 350,000 | 300,000 | 51,726 | 300,000 | 100.0 | 580.0 |
| **Вкупно Трошоци за вработени** | **598,500,000** | **659,650,000** | **583,434,029** | **659,100,000** | **99.9** | **113.0** |
| ***2) Патни трошоци*** | | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 3,000,000 | 2,000,000 | 2,788,619 | 4,000,000 | 200.0 | 143.4 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 5,500,000 | 3,800,000 | 2,825,843 | 4,500,000 | 118.4 | 159.2 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 100,000 | 100,000 | 0 | 100,000 | 100.0 | 0.0 |
| Превоз за службени патувања во странство | 3,300,000 | 2,500,000 | 766,317 | 2,500,000 | 100.0 | 326.2 |
| Сопствено возило за службени потреби | 400,000 | 300,000 | 76,516 | 150,000 | 50.0 | 196.0 |
| Услуги за патарина,останати услуги од патувања | 250,000 | 250,000 | 189,928 | 250,000 | 100.0 | 131.6 |
| **Вкупно 2** | **12,550,000** | **8,950,000** | **6,647,223** | **11,500,000** | **128.5** | **173.0** |
| ***3) Транспортни услуги*** | | | | | | |
| Авто такси и слично | 300,000 | 250,000 | 10,422 | 250,000 | 100.0 | 2,398.8 |
| **Вкупно 3** | **300,000** | **250,000** | **10,422** | **250,000** | **100.0** | **2,398.8** |
| **Вкупно Патни и транспортни трошоци** | **12,850,000** | **9,200,000** | **6,657,645** | **11,750,000** | **127.7** | **176.5** |
| ***Заеднички трошоци*** | | | | | | |
| ***4) Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | | |
| Електричен материјал | 700,000 | 1,400,000 | 249,586 | 1,400,000 | 100.0 | 560.9 |
| Технички материјал | 1,350,000 | 1,400,000 | 401,958 | 1,400,000 | 100.0 | 348.3 |
| Сценографски материјали, реквизита и слично | 0 | 550,000 | 0 | 550,000 | 100.0 | 0.0 |
| Материјал за шминка и фризура | 0 | 100,000 | 0 | 100,000 | 100.0 | 0.0 |
| Материјал за поправка и одржување | 300,000 | 300,000 | 129,629 | 300,000 | 100.0 | 231.4 |
| **Вкупно 4** | **2,350,000** | **3,750,000** | **781,173** | **3,750,000** | **100.0** | **480.0** |

| РАСХОДИ | Финансиски план за 2024 год. | Финансиски план за 2025 | Остварени расходи (м.11.2025) | Финансиски план за 2025г. со пренамена на средства | Индекс (5/3*100) | Индекс (5/4*100) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **2** | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***5) Трошоци за останати материјали*** | | | | | | |
| Канцелариски материјал | 1,300,000 | 1,000,000 | 491,766 | 1,000,000 | 100.0 | 203.3 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 250,000 | 250,000 | 31,564 | 250,000 | 100.0 | 792.0 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 90,000 | 250,000 | 0 | 250,000 | 100.0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **1,640,000** | **1,500,000** | **523,330** | **1,500,000** | **100.0** | **286.6** |
| ***6) Трошоци за енергија*** | | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 36,000,000 | 29,000,000 | 17,346,214 | 29,000,000 | 100.0 | 167.2 |
| Трошоци за топлотна енергија | 18,000,000 | 16,000,000 | 10,279,511 | 16,000,000 | 100.0 | 155.6 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 3,500,000 | 2,500,000 | 1,965,174 | 2,500,000 | 100.0 | 127.2 |
| **Вкупно 6** | **57,500,000** | **47,500,000** | **29,590,899** | **47,500,000** | **100.0** | **160.5** |
| ***7) Трошоци за ситен инвентар и автогуми*** | | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 1,200,000 | 1,500,000 | 790,409 | 1,500,000 | 100.0 | 189.8 |
| **Вкупно 7** | **1,200,000** | **1,500,000** | **790,409** | **1,500,000** | **100.0** | **189.8** |
| ***8) Поштенски, телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии*** | | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксни | 600,000 | 600,000 | 377,368 | 600,000 | 100.0 | 159.0 |
| Телефонски трошоци-мобилни | 4,400,000 | 2,000,000 | 2,047,187 | 2,400,000 | 120.0 | 117.2 |
| Трошоци за интернет | 800,000 | 1,000,000 | 727,587 | 1,000,000 | 100.0 | 137.4 |
| Поштарина | 300,000 | 300,000 | 74,416 | 180,000 | 60.0 | 241.9 |
| Трошоци за користење аудио и видео линии | 10,000,000 | 3,000,000 | 3,237,963 | 3,500,000 | 116.7 | 108.1 |
| **Вкупно 8** | **16,100,000** | **6,900,000** | **6,464,521** | **7,680,000** | **111.3** | **118.8** |
| ***9) Услуги за одржување и заштита*** | | | | | | |
| Агенциски услуги за физичко обезбедување на објектите на МРТ | 5,200,000 | 5,200,000 | 4,307,885 | 5,200,000 | 100.0 | 120.7 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 8,700,000 | 5,200,000 | 4,390,936 | 5,200,000 | 100.0 | 118.4 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 1,600,000 | 3,300,000 | 1,085,842 | 3,300,000 | 100.0 | 303.9 |
| Одржување на возила | 1,000,000 | 2,500,000 | 247,604 | 2,500,000 | 100.0 | 1,009.7 |
| Одржување на GPS,алат, ситен инвентар и автогуми | 150,000 | 150,000 | 50,382 | 150,000 | 100.0 | 297.7 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страната на МРТ | 1,000,000 | 1,000,000 | 831,083 | 1,000,000 | 100.0 | 120.3 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 4,400,000 | 4,400,000 | 4,061,920 | 4,400,000 | 100.0 | 108.3 |
| **Вкупно 9** | **22,050,000** | **21,750,000** | **14,975,652** | **21,750,000** | **100.0** | **145.2** |
| ***10) Комунални услуги*** | | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 30,000 | 30,000 | 1,233 | 30,000 | 100.0 | 2,433.1 |
| Дератизација и дезинфекција | 280,000 | 500,000 | 0 | 500,000 | 100.0 | 0.0 |
| Трошоци за ѓубретарина | 1,000,000 | 1,000,000 | 693,322 | 1,000,000 | 100.0 | 144.2 |
| Трошоци за вода | 4,600,000 | 3,500,000 | 4,364,179 | 5,000,000 | 142.9 | 114.6 |
| **Вкупно 10** | **5,910,000** | **5,030,000** | **5,058,734** | **6,530,000** | **129.8** | **129.1** |
| ***11) Останати услуги од работењето*** | | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и др. | 100,000 | 100,000 | 70,622 | 100,000 | 100.0 | 141.6 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 500,000 | 600,000 | 199,056 | 600,000 | 100.0 | 301.4 |

| РАСХОДИ | Финансиски план за 2024 год. | Финансиски план за 2025 | Остварени расходи (м.11.2025) | Финансиски план за 2025г. со пренамена на средства | Индекс (5/3*100) | Индекс (5/4*100) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Трошоци за регистрација на возила | 400,000 | 400,000 | 183,803 | 400,000 | 100.0 | 217.6 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 100,000 | 150,000 | 4,320 | 50,000 | 33.3 | 1,157.4 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати) | 350,000 | 350,000 | 134,247 | 350,000 | 100.0 | 260.7 |
| Трошоци за фотокопирање | 0 | 50,000 | 0 | 50,000 | 100.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **1,450,000** | **1,650,000** | **592,048** | **1,550,000** | **93.9** | **261.8** |
| ***12)Трошоци за амортизација, трошоци за резервирани средства по судски предмети и слично*** | | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 43,190,000 | 50,250,000 | 24,293,955 | 32,550,000 | 64.8 | 134.0 |
| **Вкупно 12** | **43,190,000** | **50,250,000** | **24,293,955** | **32,550,000** | **64.8** | **134.0** |
| ***13) Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања од РДТ | 200,000 | 200,000 | 0 | 200,000 | 100.0 | 0.0 |
| **Вкупно 13** | **200,000** | **200,000** | **0** | **200,000** | **100.0** | **0.0** |
| ***14) Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 0 | 150,000 | 0 | 150,000 | 100.0 | 0.0 |
| Трошоци за репрезентација | 1,350,000 | 800,000 | 861,443 | 900,000 | 112.5 | 104.5 |
| **Вкупно 14** | **1,350,000** | **950,000** | **861,443** | **1,050,000** | **110.5** | **121.9** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | | |
| Премии за осигурување | 2,450,000 | 2,500,000 | 1,615,578 | 2,500,000 | 100.0 | 154.7 |
| **Вкупно 15** | **2,450,000** | **2,500,000** | **1,615,578** | **2,500,000** | **100.0** | **154.7** |
| ***16) Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | | |
| Такса за истакнување фирма | 10,000 | 10,000 | 0 | 10,000 | 100.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 600,000 | 590,000 | 534,162 | 640,000 | 108.5 | 119.8 |
| **Вкупно 16** | **610,000** | **600,000** | **534,162** | **650,000** | **108.3** | **121.7** |
| ***17) Останати трошоци*** | | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди и консултанти | 200,000 | 150,000 | 0 | 150,000 | 100.0 | 0.0 |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборати за безбедност и заштита при работа и слично | 150,000 | 150,000 | 0 | 150,000 | 100.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 110,000 | 150,000 | 46,960 | 150,000 | 100.0 | 319.4 |
| **Вкупно 17** | **460,000** | **450,000** | **46,960** | **450,000** | **100.0** | **958.3** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови и надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | | |
| Надомест за членови на НО и Совет | 10,000,000 | 10,000,000 | 7,346,083 | 10,000,000 | 100.0 | 136.1 |
| **Вкупно 18** | **10,000,000** | **10,000,000** | **7,346,083** | **10,000,000** | **100.0** | **136.1** |

| РАСХОДИ | Финансиски план за 2024 год. | Финансиски план за 2025 | Остварени расходи (м.11.2025) | Финансиски план за 2025г. со пренамена на средства | Индекс (5/3*100) | Индекс (5/4*100) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***19) Даноци, судски такси и друго*** | | | | | | |
| Даноци (задржан данок на странски правни лица при откуп на програма, данок на имот и сл.) | 6,000,000 | 5,000,000 | 6,379,016 | 7,000,000 | 140.0 | 109.7 |
| Судски трошоци и административни такси | 300,000 | 200,000 | 153,980 | 200,000 | 100.0 | 129.9 |
| **Вкупно 19** | **6,300,000** | **5,200,000** | **6,532,996** | **7,200,000** | **138.5** | **110.2** |
| ***20) Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | | |
| Казни,пенали,надомест на штети | 100,000 | 100,000 | 0 | 100,000 | 100.0 | 0.0 |
| **Вкупно 20** | **100,000** | **100,000** | **0** | **100,000** | **100.0** | **0.0** |
| ***21) Дополнително утврдени расходи од минати години и останати расходи од работење*** | | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години, останати расходи од работење | 8,500,000 | 2,000,000 | 1,356,553 | 1,400,000 | 70.0 | 103.2 |
| **Вкупно 21** | **8,500,000** | **2,000,000** | **1,356,553** | **1,400,000** | **70.0** | **103.2** |
| ***22) Камати од работење и затезни камати*** | | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 13,000,000 | 5,500,000 | 4,776,365 | 5,500,000 | 100.0 | 115.2 |
| **Вкупно 22** | **13,000,000** | **5,500,000** | **4,776,365** | **5,500,000** | **100.0** | **115.2** |
| ***23) Негативни курсни разлики*** | | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 4,000,000 | 2,000,000 | 2,619,430 | 3,000,000 | 150.0 | 114.5 |
| **Вкупно 23** | **4,000,000** | **2,000,000** | **2,619,430** | **3,000,000** | **150.0** | **114.5** |
| ***24) Трошоци за набавки на стоки и услуги до 1000 евра*** | | | | | | |
| Трошоци за набавки на стоки и услуги до 1000 евра | 880,000 | 880,000 | 415,023 | 880,000 | 100.0 | 212.0 |
| **Вкупно 24** | **880,000** | **880,000** | **415,023** | **880,000** | **100.0** | **212.0** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **199,240,000** | **170,210,000** | **109,175,314** | **157,240,000** | **92.4** | **144.0** |
| ***25) Програмски права*** | | | | | | |
| Права за филмови | 65,000,000 | 68,000,000 | 62,442,038 | 65,400,000 | 96.2 | 104.7 |
| Останати програмски права | 120,500,000 | 24,826,000 | 24,347,345 | 24,826,000 | 100.0 | 102.0 |
| Надомест за фестивали | 550,000 | 600,000 | 500,532 | 600,000 | 100.0 | 119.9 |
| Права за спортски настани | 94,854,000 | 54,000,000 | 35,271,532 | 52,500,000 | 97.2 | 148.8 |
| Копродукциски проекти | 229,446,000 | 278,000,000 | 207,492,249 | 260,400,000 | 93.7 | 125.5 |
| **Вкупно Програмски трошоци** | **510,350,000** | **425,426,000** | **330,053,696** | **403,726,000** | **94.9** | **122.3** |
| ***26) Наемнини*** | | | | | | |
| Наем на опрема и недвижнини | 1,300,000 | 400,000 | 149,854 | 400,000 | 100.0 | 266.9 |
| Останати наемнини - ангажирање/наем на економски оператори за реализација на настан - Асамблеа/Собрание на ЕБУ | 0 | 4,750,000 | 0 | 4,750,000 | 100.0 | 0.0 |
| **Вкупно 26** | **1,300,000** | **5,150,000** | **149,854** | **5,150,000** | **100.0** | **3,436.7** |
| ***27) Други трошоци од работење*** | | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 650,000 | 1,000,000 | 312,830 | 350,000 | 35.0 | 111.9 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 1,000,000 | 1,000,000 | 835,440 | 1,000,000 | 100.0 | 119.7 |
| Услуги за вештачење | 100,000 | 150,000 | 0 | 150,000 | 100.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 6,400,000 | 1,000,000 | 1,123,902 | 1,150,000 | 115.0 | 102.3 |

| РАСХОДИ | Финансиски план за 2024 год. | Финансиски план за 2025 | Остварени расходи (м.11.2025) | Финансиски план за 2025г. со пренамена на средства | Индекс (5/3*100) | Индекс (5/4*100) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **2** | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги, изработка на проекти,елаборати и сл.) | 200,000 | 300,000 | 0 | 100,000 | 33.3 | 0.0 |
| Агенциски услуги во земјата и странство - информативни | 50,000 | 50,000 | 0 | 50,000 | 100.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 28,000,000 | 26,000,000 | 24,724,262 | 31,000,000 | 119.2 | 125.4 |
| Трошоци за проект Евровизија | 1,500,000 | 2,000,000 | 651,710 | 2,000,000 | 100.0 | 306.9 |
| Трошоци за судски извршители | 200,000 | 200,000 | 0 | 200,000 | 100.0 | 0.0 |
| Сателитски сегмент | 100,000 | 0 | 31,343 | 50,000 | 0.0 | 159.5 |
| **Вкупно 27** | **38,200,000** | **31,700,000** | **27,679,487** | **36,050,000** | **113.7** | **130.2** |
| ***28) Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останат и услуги*** | | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 16,000,000 | 17,500,000 | 15,031,922 | 17,500,000 | 100.0 | 116.4 |
| Котизации и акредитации | 300,000 | 300,000 | 30,000 | 300,000 | 100.0 | 1,000.0 |
| Мало авторско право (ЗАМП, ММИ) | 18,500,000 | 18,000,000 | 4,896,399 | 18,000,000 | 100.0 | 367.6 |
| Надомест за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 3,496,000 | 5,000,000 | 5,872,891 | 5,900,000 | 118.0 | 100.5 |
| **Вкупно 28** | **38,296,000** | **40,800,000** | **25,831,212** | **41,700,000** | **102.2** | **161.4** |
| ***29) Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 100,000 | 100,000 | 1,500 | 20,000 | 20.0 | 1,333.3 |
| **Вкупно 29** | **100,000** | **100,000** | **1,500** | **20,000** | **20.0** | **1,333.3** |
| **Вкупно останати трошоци** | **77,896,000** | **77,750,000** | **53,662,053** | **82,920,000** | **106.6** | **154.5** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **1,398,836,000** | **1,342,236,000** | **1,082,982,737** | **1,314,736,000** | **98.0** | **121.4** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | | |
| Набавка на опрема и други инвестиции | 26,000,000 | 69,628,000 | 1,912,225 | 17,128,000 | 24.6 | 895.7 |
| **ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **26,000,000** | **69,628,000** | **1,912,225** | **17,128,000** | **24.6** | **895.7** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **1,424,836,000** | **1,411,864,000** | **1,084,894,962** | **1,331,864,000** | **94.3** | **122.8** |

Скопје, Декември 2025 година

Директор на ЈРП МРТ

-------------------------------

Марјан Цветковски